**Известување за концентрација со која ДГЛ ИНТЕРНАТИОНАЛ (УК) ЛТД. Англија ќе стекне контрола над ДП ЈУБ д.д., Словенија (предмет бр. 08-137/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 27.12.2021 година, а дополнето на 05.01.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која ДГЛ ИНТЕРНАТИОНАЛ (УК) ЛТД (DGL INTERNATIONAL (UK) LTD) друштво од Обединетото Кралство, со регистрирано седиште на Сквер Сент Џеимс 11-12, 3-ти кат, стан 1, Лондон СВ1У 4ЛБ, Англија, ќе стекне единствена директна контрола врз ДП ЈУБ д.д. (DP JUB d.d.), словенечко друштво, со седиште Дол При Љубљани 28, 1262 Дол При Љубљани, Словенија преку стекнување на 99.8% од акциите на ДП ЈУБ.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ДГЛ ИНТЕРНАТИОНАЛ (УК) ЛТД** е англиска холдинг компанија, дел од Дулукс Групацијата и крајно контролирана од Нипон Паинт Холдингс Ко. Лтд (Nippon Paint Holdings Co. Ltd), јапонска компанија која котира на берзата во Токио со меѓународно присуствона пазарите во Азија, Северна Америка, Европа, Јужна Америка и Океанија, активна во индустријата за производство и трговија со бои и премази, а има минимално присуство и на други пазари.
Ниту ДГЛ ИНТЕРНАТИОНАЛ (УК) ЛТД, ниту пак било кое од друштвата во Групацијата на ДГЛ ИНТЕРНАТИОНАЛ (УК) ЛТД нема било какво присуствово Република Северна Македонија.
**ДП ЈУБ д.д.** е холдинг друштво и матична компанија на ЈУБ Групацијата која се занимава со производство и трговијана внатрешни и надворешни декоративни бои, декоративна заштита за дрво и метал, производство на надворешни композитни системи за изолација (ETICS) и заштеда на енергија, производство на малтери и производи за заштита на бетонски површини. ЈУБ Групацијата е присутна на пазарите низ Европа.
ЈУБ Групацијата има регистрирано присуство на територијата на Република Северна Македонија преку нејзиното зависно друштво:

- **Друштво за трговија и услуги ЈУБ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на бул. Јане Сандански бр.79 А-3, Скопје, активно на пазарите на големопродажба на декоративни бои, малтери и ЕПС табли.

Подносителот смета дека како релевантни пазари на производи може да се дефинираат пазарите на трговија на големо со: (1)декоративни бои и премази;(2) малтери; и (3) ЕПС табли.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпаѓне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

12.01.2022 година
Скопје